2019

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2019Г

II Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ..... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2019 година ..... 3

II. ПРИХОДИ ..... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2019 ГОДИНА ..... 5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД ..... 6

Трошоци за вработените ..... 6
Патни и транспортни трошоци ..... 7
Заеднички трошоци ..... 7
Програмски права ..... 8
Останати трошоци од работење ..... 9
Инвестиции ..... 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2019 ГОДИНА ..... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2019г. ..... 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ..... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ..... 15
2. Побарувања од купувачите во странство ..... 15

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА ..... 16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА ..... 17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2019 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 227.690.394 денари и расходи во износ од 151.601.312 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 76.089.082 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2019 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | | Финансиски план 2019г | | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **239,397,222** | **100.0** | **932,500,000** | **100.0** | **227,690,394** | **100.0** | **95.1** | **24.4** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **212,162,928** | **88.6** | **869,000,000** | **93.2** | **151,601,312** | **66.6** | **71.5** | **17.4** |
| Трошоци за вработени | 93,599,892 | 39.1 | 403,450,000 | 43.3 | 91,991,603 | 40.4 | 98.3 | 22.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,314,064 | 0.5 | 8,350,000 | 0.9 | 1,787,933 | 0.8 | 136.1 | 21.4 |
| Заеднички трошоци | 57,512,327 | 24.0 | 264,800,000 | 28.4 | 33,300,511 | 14.6 | 57.9 | 12.6 |
| Програмски права | 49,558,998 | 20.7 | 132,000,000 | 14.2 | 9,984,542 | 4.4 | 20.1 | 7.6 |
| Останати трошоци од работење | 10,177,647 | 4.3 | 60,400,000 | 6.5 | 14,536,723 | 6.4 | 142.8 | 24.1 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **27,234,294** | **11.4** | **63,500,000** | **6.8** | **76,089,082** | **33.4** | **279.4** | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 0 | | 63,500,000 | | 297,338 | | 0.0 | 0.5 |
| **Вкупно** | **0** | | **63,500,000** | | **297,338** | | 0.0 | 0.5 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **212,162,928** | | **932,500,000** | | **151,898,650** | | **71.6** | **16.3** |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот 04-06 месец 2019 година реализирани се приходи во износ од 227.690.394 денари.

Како ставка со највисоко учество во вкупниот приход, или учество од 98,2%, се јавува приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои, согласно Законот за ААВМУ, МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период по овој основ остварени се вкупно 223.500.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 75.155 денари што е реализација од 15% во однос на планираните приходи за 2019 година за оваа намена.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 528.430 денари.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 3.279.705 денари или остварување од 21,9% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитлни приходи од минати години и слично. Во вкупно остварените приходи за второто тримесечје од 2019 година овие приходи учествуваат со 1,4 %.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2019 година е остварен во износ од 288.500 денари што е реализација од 2,2% на планираните средства во Финансискиот план за 2019 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2019 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.04-30.06.2018г | Планирани приходи за 2019 г. | Остварени приходи 01.04-30.06.2019г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирањ на радиодифузна дејност | 221,637,500 | 894,000,000 | 223,500,000 | 100.8 | 25.0 | 98.2 |
| Закупнини | 43,688 | 500,000 | 75,155 | 172.0 | 15.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 346,796 | 3,000,000 | 517,314 | 149.2 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 36,794 | 2,000,000 | 11,116 | 30.2 | 0.6 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( прих.од камати, позитивни курсни разлики,отпиш.обврс.,прих.од минати год., приходи од укинување на долгорочни резервирања),дополнително утврдени приходи од претходни години | 11,167,751 | 15,000,000 | 3,279,705 | 29.4 | 21.9 | 1.4 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0 | 2,000,000 | 18,604 | 0,0 | 0.9 | 0.0 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 4,793,200 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 1,371,493 | 13,000,000 | 288,500 | 21.0 | 2.2 | 0.1 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **239,397,222** | **932,500,000** | **227,690,394** | **95.1** | **24.4** | **1.8** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2019 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 151.601.312 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2019 година претставува реализација од 17,4 %.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2019 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 93,599,892 | 403,450,000 | 91,991,603 | 98.3 | 22.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 1,314,064 | 8,350,000 | 1,787,933 | 136.1 | 21.4 |
| Заеднички трошоци | 57,512,327 | 264,800,000 | 33,300,511 | 57.9 | 12.6 |
| Програмски права | 49,558,998 | 132,000,000 | 9,984,542 | 20.1 | 7.6 |
| Останати трошоци од работење | 10,177,647 | 60,400,000 | 14,536,723 | 142.8 | 24.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **212,162,928** | **869,000,000** | **151,601,312** | **71.5** | **17.4** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 0 | 63,500,000 | 297,338 | 0.0 | 0.5 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **63,500,000** | **297,338** | **0.0** | **0.5** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **212,162,928** | **932,500,000** | **151,898,650** | **71.6** | **16.3** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2019 година се остварени во вкупен износ од 91.991.603 денари или 22,8% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 91.471.463 денари, потоа трошоци за отпремнина за вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани во износ од 344.618 денари, за други лични примања за исплатена парична помош на вработените во случај на боледување подолго од шест месеци, смрт на вработен или на член на потесно семејство и слично реализирани се трошоци во износ од 156.722 денари. За едукација на вработените (разни видови обуки, семинари и сл.) реализирани се трошоци во износ од 18.800 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 04-06 месец 2019 година изнесува 25.741 денар.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.787.933 денари и истата е реализирана со 21,4% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2019 година за оваа намена.

Во групата на патни трошоци спаѓаат трошоците за дневници и ноќевања, авио билети, патарини, такси превоз и слично реализирани за службени патувања на новинари и сниматели во земјата и странство за исполнување на програмските цели. Реализацијата за авио билети изнесува 362.164 денари, за патарини 62.177 денари, за такси превоз 235.384 денари додека пак за дневници и ноќевања во земјата и странство реализирани се вкупно 1.127.778 денари и тие, во анализираниот период, се однесуваат на патувањата на екипи на МРТ на следните дестинации: Софија – присуство на Генерална 25-та радио асамблеа, Тел Авив – учество на Евросонг 2019 година, Љубљана – присуство на состанок на јавни радиодифузни сервиси од југоисточна европа, Приштина – снимање на документарна емисија, Истанбул – присуство на 11 меѓународен документарен фестивал, Италија и Бугарија – следење на балканската посета на Папата Франциск, Париз – присуство на 25 – то Собрание за финансии и 8- то Собрание за ревизија, Словенија – снимање на прилози за емисијата Аграр, Албанија – присуство на годишна конференција за проектот Без граници, Кина – студиска посета за претставници на медиумите, Осло – присуство на Генерална асамблеа на ЕБУ, Турција – учество на отворањето на радиските денови на ТРТ и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ во Рим, Швајцарија, Црна Гора и слично.

### Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2019 година остварена е во вкупен износ од 33.300.511 денари што е реализација од 12,6% на финансискиот план за 2019 година за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за електричен и технички материјал со вкупно остварување од 175.197 денари, трошоци за канцелариски материјали во износ од 87.308 денари, материјал за возен парк во износ од 33.828 денари, ситен инвентар и автогуми во износ од 114.833 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен износ од 3.583.573 денари, телефонските трошоци и интернет во вкупен износ од 453.177 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области на програмите на МРТ користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 1.271.300 денари. Реализација во рамките на планираната за 2019 година бележат трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 729.088 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 673.465 денари, трошоците за инвестиционо и тековно

одржување на опрема и градежни објекти остварени во вкупен износ од 1.276.550 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 149.206 денари и одржување на ВЕБ страната на МРТ 132.386 денари како и трошоците за комунални услуги во вкупен износ од 1.197.536 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 15.240.508 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.240.712 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Трошоците за банкарските услуги изнесуваат 151.761 денар а трошоците за даноци бележат остварување во вкупен износ од 689.024 денари и истите произлегуваат од платниот промет со странство поради плаќање на обврски по договори со странски комитенти за откуп на права за спортска програма, филмови и други видови соработка. Трошоците за камати од работење и затезни камати кои се остварени во износ од 3.128.652 денари, се однесуваат на трошоци по основ на стари долгови за кои се склучени спогодби за одложено плаќање на обврските по договори склучени во минати години како и камати за кредити од комерцијални банки. Дополнително утврдените расходи од минати години остварени во износ од 1.534.402 денари опфаќаат расходи по фактури од минати години произлезени од задоцнето фактурирање од страна на комитентите по разни основи.

## Програмски права

Програмските права се остварени во вкупен износ од 9.984.542 денари, што претставува 7,6 % реализација на планот за 2019 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 1.725.008 денари и истата се однесува на реализирани трошоци за откуп на права за пренос на фудбалски натпревари (FIFA 2019-2022), потоа трошоци за партиципација за спортски права за период април – јуни 2019 година и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 1.886.820 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, забавно-контактни емисии, образовни емисии и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 4.558.464 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт, потоа продукција и организација на проект Претседателските избори 2019 година и друго.

За откуп на права за емитување на програма од независни продуценти реализирани се тошоци во износ од 1.814.250 денари за откуп на права за емитување на серијал информативни емисии за Прв програмски сервис – Агенда 35.

### Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 14.536.723 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 2.191.246 денари, трошоци за интелектуални услуги кои опфаќаат превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма а кои се реализирани во износ од 164.366 денари, како и трошоци за организацијата и реализирање на проектот Песна на Евровизија (Евросонг 2019), кои се одвиваат во првото полугодие во 2019 година, а кои во второто тримесечие од годината бележат остварување во износ од 6.450.778 денари. За надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично, реализирани се трошоци во износ од 2.238.237 денари а реализацијата на мало авторско право – ЗАМП изнесува 3.423.904 денари.

### Инвестиции

Во 2019 година за реализација на инвестициони активности во анализираниот период (април- јуни) остварени се 297.338 денари и тоа за надградба на систем за снимање во Македонското радио.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2019 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 93,317,000 | 400,000,000 | 91,471,463 | 98.0 | 22.9 |
| Отпремнина за одење во пензија | 231,580 | 1,700,000 | 344,618 | 148.8 | 20.3 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 46,852 | 300,000 | 156,722 | 334.5 | 52.2 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 4,460 | 650,000 | 18,800 | 421.5 | 2.9 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **93,599,892** | **403,450,000** | **91,991,603** | **98.3** | **22.8** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 253,200 | 1,500,000 | 357,617 | 141.2 | 23.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 829,972 | 3,500,000 | 770,161 | 92.8 | 22.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 4,280 | 100,000 | 430 | 10.0 | 0.4 |
| Превоз за службени патувања во странство | 174,950 | 1,900,000 | 362,164 | 207.0 | 19.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 51,570 | 300,000 | 62,177 | 120.6 | 20.7 |
| **Вкупно 2** | **1,313,972** | **7,450,000** | **1,552,549** | **118.2** | **20.8** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 92 | 900,000 | 235,384 | - | 26.2 |
| **Вкупно 3** | **92** | **900,000** | **235,384** | **-** | **26.2** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,314,064** | **8,350,000** | **1,787,933** | **136.1** | **21.4** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 20,107 | 2,000,000 | 141,478 | 703.6 | 7.1 |
| Технички материјал | 103,603 | 1,500,000 | 33,719 | 32.5 | 2.2 |
| Материјал за кулиси и декор | 0 | 1,800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **123,710** | **7,550,000** | **175,197** | **141.6** | **2.3** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 122,830 | 1,700,000 | 87,308 | 71.1 | 5.1 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 8,326 | 300,000 | 33,828 | 406.3 | 11.3 |
| Други потрошни материјали | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **131,156** | **2,360,000** | **121,136** | **92.4** | **5.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 1,523,423 | 18,400,000 | 1,459,885 | 95.8 | 7.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,019,904 | 13,600,000 | 1,654,085 | 162.2 | 12.2 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 572,526 | 4,000,000 | 469,603 | 82.0 | 11.7 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на електрична енергија и сл.) | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **3,115,853** | **36,300,000** | **3,583,573** | **115.0** | **9.9** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 51,096 | 2,500,000 | 114,833 | 224.7 | 4.6 |
| **Вкупно 7** | **51,096** | **2,500,000** | **114,833** | **224.7** | **4.6** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 29,040 | 700,000 | 46,903 | 161.5 | 6.7 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 163,536 | 2,300,000 | 399,784 | 244.5 | 17.4 |
| Трошоци за интернет | 9,596 | 700,000 | 6,490 | 67.6 | 0.9 |
| Поштарина | 33,381 | 300,000 | 26,462 | 79.3 | 8.8 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 4,914,391 | 12,000,000 | 1,271,300 | 25.9 | 10.6 |
| **Вкупно 8** | **5,149,944** | **16,000,000** | **1,750,939** | **34.0** | **10.9** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 336,291 | 4,200,000 | 673,465 | 200.3 | 16.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 0 | 11,300,000 | 609,661 | 0.0 | 5.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 57,560 | 10,350,000 | 666,889 | 1,158.6 | 6.4 |
| Одржување на возила | 6,028 | 3,100,000 | 149,206 | 2,475.2 | 4.8 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 0 | 150,000 | 23,601 | 0.0 | 15.7 |
| Други услуги за одржување | 0 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 196,976 | 1,000,000 | 132,386 | 67.2 | 13.2 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 265,436 | 3,500,000 | 729,088 | 274.7 | 20.8 |
| **Вкупно 9** | **862,291** | **33,620,000** | **2,984,296** | **346.1** | **8.9** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 850 | 40,000 | 665 | 78.2 | 1.7 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 63,450 | 0.0 | 21.2 |
| Трошоци за ѓубретарина | 203,139 | 1,200,000 | 207,339 | 102.1 | 17.3 |
| Трошоци за вода | 53,698 | 2,800,000 | 926,082 | 1,724.6 | 33.1 |
| **Вкупно 10** | **257,687** | **4,340,000** | **1,197,536** | **464.7** | **27.6** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 46,456 | 500,000 | 61,520 | 132.4 | 12.3 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 86,609 | 400,000 | 33,078 | 38.2 | 8.3 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 2,160 | 200,000 | 3,840 | 177.8 | 1.9 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 0 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 0 | 20,000 | 1,000 | 0.0 | 5.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **135,225** | **2,100,000** | **99,438** | **73.5** | **4.7** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,629,270 | 68,000,000 | 15,240,508 | 97.5 | 22.4 |
| **Вкупно 12** | **15,629,270** | **68,000,000** | **15,240,508** | **97.5** | **22.4** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 20,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **20,000,000** | **0** | 0.0 | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 300,000 | 3,516 | 0.0 | 1.2 |
| Трошоци за репрезентација | 33,341 | 550,000 | 102,297 | 306.8 | 18.6 |
| **Вкупно 14** | **33,341** | **850,000** | **105,813** | **317.4** | **12.4** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,206,069 | 3,000,000 | 11,502 | 1.0 | 0.4 |
| **Вкупно 15** | **1,206,069** | **3,000,000** | **11,502** | **1.0** | **0.4** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 184,821 | 900,000 | 151,761 | 82.1 | 16.9 |
| **Вкупно 16** | **184,821** | **910,000** | **151,761** | **82.1** | **16.7** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 320,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 720 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **720** | **920,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,526,790 | 5,000,000 | 1,240,712 | 81.3 | 24.8 |
| **Вкупно 18** | **1,526,790** | **5,000,000** | **1,240,712** | **81.3** | **24.8** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,502,198 | 4,000,000 | 689,024 | 45.9 | 17.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 17,808 | 1,000,000 | 60,304 | 338.6 | 6.0 |
| Останати трошоци од работење и други услуги | 14,000 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **1,534,006** | **5,250,000** | **749,328** | **48.8** | **14.3** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 157,398 | 600,000 | 122,990 | 78.1 | 20.5 |
| **Вкупно 20** | **157,398** | **600,000** | **122,990** | **78.1** | **20.5** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 8,813,159 | 17,000,000 | 1,534,402 | 17.4 | 9.0 |
| **Вкупно 21** | **8,813,159** | **17,000,000** | **1,534,402** | **17.4** | **9.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 16,985,184 | 35,000,000 | 3,128,652 | 18.4 | 8.9 |
| **Вкупно 22** | **16,985,184** | **35,000,000** | **3,128,652** | **18.4** | **8.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,614,607 | 3,500,000 | 987,895 | 61.2 | 28.2 |
| **Вкупно 23** | **1,614,607** | **3,500,000** | **987,895** | **61.2** | **28.2** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **57,512,327** | **264,800,000** | **33,300,511** | **57.9** | **12.6** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 35,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 459,270 | 9,500,000 | 4,558,464 | 992.5 | 48.0 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 45,027,621 | 15,000,000 | 1,725,008 | 3.8 | 11.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 17,000,000 | 1,814,250 | 0.0 | 10.7 |
| Копродукциски проекти | 4,072,107 | 52,000,000 | 1,886,820 | 46.3 | 3.6 |
| **Вкупно 24-програмски права** | **49,558,998** | **132,000,000** | **9,984,542** | **20.1** | **7.6** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 56,875 | 1,550,000 | 44,904 | 79.0 | 2.9 |
| **Вкупно 25** | **56,875** | **1,550,000** | **44,904** | **79.0** | **2.9** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 71,107 | 500,000 | 3,100 | 4.4 | 0.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 971,376 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 30,900 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 0 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 6,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 422,295 | 4,300,000 | 164,366 | 38.9 | 3.8 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 942,251 | 10,000,000 | 2,191,246 | 232.6 | 21.9 |
| Трошоци за проект Евровизија | 4,818,630 | 7,000,000 | 6,450,778 | 133.9 | 92.2 |
| Трошоци за судски извршители | 332,576 | 2,700,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **7,589,135** | **39,550,000** | **8,809,490** | **116.1** | **22.3** |
| ***27)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 2,480,698 | 10,000,000 | 2,238,237 | 90.2 | 22.4 |
| Котизации и акредитации | 4,450 | 300,000 | 3,690 | 82.9 | 1.2 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 0 | 8,500,000 | 3,423,904 | 0.0 | 40.3 |
| **Вкупно 27** | **2,485,148** | **19,000,000** | **5,665,831** | **228.0** | **29.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2018г. | Финансиски план 2019г | Остварување 01.04.-30.06.2019г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 46,489 | 300,000 | 16,498 | 35.5 | 5.5 |
| **Вкупно 28** | **46,489** | **300,000** | **16,498** | **35.5** | **5.5** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **10,177,647** | **60,400,000** | **14,536,723** | **142.8** | **24.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **212,162,928** | **869,000,000** | **151,601,312** | **71.5** | **17.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 0 | 63,500,000 | 297,338 | 0.0 | 0.5 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **63,500,000** | **297,338** | **0.0** | **0.5** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **212,162,928** | **932,500,000** | **151,898,650** | **71.6** | **16.3** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2019г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2019 година изнесува:

- Комерцијална банка 10.977.103 денари
- Халк банка 343.752 денари
- Тутунска банка 160.738 денари
- Стопанска банка 609.818 денари
- Шпаркасе банка 17.207 денари
- Еуростандард банка 151.619 денари
- Силк роуд банка 26.908 денари
- Прокредит банка 616.160 денари

***Вкупно на сметки : 12.903.305 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2019 година изнесува:**

- Комерцијална банка 1.964 ЕУР
  628 ЦХФ
  3.032 АУД
- Стопанска банка 158 УСД
- Прокредит банка 144 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2019 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 30.06.2019 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,111,875,999** | **2,103,044,397** | **99.6** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **38,831,311** | **40,347,639** | **103.9** |
| **Вкупно:** | **2,150,707,310** | **2,143,392,036** | **99.7** |

### 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 30.06.2019 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,060,797,572 | 2,052,850,829 | 99.6 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 51,078,427 | 50,193,568 | 98.3 |
| **Вкупно:** | **2,111,875,999** | **2,103,044,397** | **99.6** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 30.06.2019 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,050,247,582 | 2,045,514,418 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 7,629,921 | 4,538,113 | 59.5 |
| - закуп на основни средства | 95,310 | 91,475 | 96.0 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (за парно, вода, струја) | 2,824,759 | 2,706,823 | 95.8 |
| - тужени побарувања (за реклами,закупнини и др.) | 51,078,427 | 50,193,568 | 98.3 |
| **Вкупно:** | **2,111,875,999** | **2,103,044,397** | **99.6** |

### 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2019 година изнесуваат вкупно 40.347.639 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 30.06.2019 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 34,558,595 | 34,538,912 | 99.9 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,733 | 100.1 |
| - технички услуги | 2,927,038 | 2,887,018 | 98.6 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,807 | 100.1 |
| - отстапени права | 370,289 | 1,975,899 | 533.6 |
| - фестивали во странство | 155,285 | 121,809 | 78.4 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 263,245 | 266,461 | 101.2 |
| **Вкупно:** | **38,831,311** | **40,347,639** | **103.9** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2018 год. | состојба на 30.06.2019год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **668,836,292** | **501,417,157** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 97,103,954 | 29,014,917 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 34,782,398 | 14,611,446 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 81,190 | 81,190 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ и ДД) придонеси и др.давачки | 204,385,690 | 168,171,048 |
| Обврски спрема вработените | 21,037,418 | 20,586,698 |
| Обврски за авторски договори | 1,363,433 | 1,363,434 |
| Краткорочни обврски (Лондонски и Париски клуб) | 191,805,056 | 179,642,623 |
| Останати краткорочни обврски | 616,171 | 320,651 |
| Краткорочни обврски и кредити од комерцијални банки | 53,335,671 | 23,299,839 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 64,325,311 | 64,325,311 |
| **Долгорочни обврски** | **239,969,443** | **239,969,443** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 18,945,865 | 18,945,865 |
| Долгорочни кредити и заеми | 221,023,578 | 221,023,578 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **908,805,735** | **741,386,600** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.06.2019 година изнесуваат **741.386.600** денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2018 година се намалени за **167.419.135** денари. Краткорочните обврски доспеваат во текот на 2019 година и истите редовно се сервисираат на месечно ниво.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2019 год. изнесува вкупно 795 лица, што е помалку за 6 лица во однос на состојбата на 31.03.2019 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2019 | 0 | 30 | 330 | 23 | 373 | 1 | 31 | 13 | 801 | |
| 30.06.2019 | 0 | 30 | 327 | 23 | 370 | 1 | 31 | 13 | 795 | -6 |
| структура 30.06.2019 г.(%) | 0.0 | 3.8 | 41.1 | 2.9 | 46.5 | 0.1 | 3.9 | 1.6 | 100.0 | -0.7 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2019 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македон ци | албан ци | турци | срби | власи | роми | бош њаци | црног орци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2019 | 576 | 149 | 29 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 801 | |
| 30.06.2019 | 571 | 148 | 29 | 25 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 795 | -6 |
| структура 30.06.2019 г.(%) | 71.8 | 18.6 | 3.6 | 3.1 | 1.0 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 | 100.0 | -0.7 |

Во текот на периодот април - јуни 2019 година во МРТ нема нововработени лица.

Во истиот период вкупно 6 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа по основ на остварување на правото за пензионирање вкупно 3 лица од кои 1 референт со ССС, 1 новинар со ВСС и 1 монтажер со ССС, 1 новинар со ВСС е заминат од МРТ со спогодбено раскинување на договорот за вработување, 1 сниматель-камерман со ССС е починат, додека пак, 1 новинар со ВСС користи отсуство од работа без надомест на плата со времетраење од 3 месеци.

Скопје, Јули 2019 година